УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"- БИТОЛА

| Примено | 10.07.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08- | 947/3-1 | | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

ВМШ 01-424/1 10.07.2017

Одбор за акред. 1409-175/2 07.07.17

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија на својата 5 седница одржана на 28.06.2017 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиска програма „ФИЗИОТЕРАПЕВТ" прв циклус студии на ВИСОКА МЕДИЦИНСКА ШКОЛА, БИТОЛА - УНИВЕРЗИТЕТ " СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" БИТОЛА**

1. Се акредитира студиска програма **„Физиотерапевт" прв циклус студии на Висока Медицинска Школа, Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11)

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 3 години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање: **Диплпомиран физиотерапевт.**
Научно - истражувачко подрачје: Медицински науки и здравство (3)
Научно – истражувачко поле: фундаментални медицински науки (301) (анатомија-30100, хистологија-30101, физиологија-30104, кинезиологија-30105, патолошка анатомија-30106, фармакологија-30107), клиничка медицина (302) (дерматовенерологија-30201, физикална медицина и рехабилитација-30204, неврологија-30213, ортопедски болести-30215, педијатрија-30217, онкологија- 30220 радиологија-30221, геријатрија-30223) хирургија (општа) (303), (анестезија-30330), јавно здравство и здравствена заштита (308) (медицинска етика и деонтологија-30802 здравствена статистика и информатика 30803, медицина на трудот-30807, спортска и училишна медицина- 30809), психијатрија (309) (ментална хигиена-30900), здравствена нега-сестринство (305) (здравствена нега-30501), фармација (306), медицинска технологија (307).

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Висока Медицинска Школа, Битола, прв циклус студиска програма „Физиотерапевт", до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ доставува предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира трочлена стручна комисија од областа на медицинските науки (согласно член 3 и член 30 од Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование) за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија на својата 5. седница одржана на 28.06.2017 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Горазд Росоклија